# СИЛНО ПОТВРДЕНО ПРИЈАТЕЛСТВОТО ПОМЕЃУ СИНДИКАТОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА СЛОВЕНИЈА И НАШИОТ СИНДИКАТ

## Членовите на Главниот одбор на Синдикатот за образование на Словенија престојуваа во посета на Р.Македонија

Членовите на Главниот одбор на Синдикатот за образование на Словенија (СВИЗ) од 19-ти до 21-ви мај, престојуваа во посета на Р.Македонија. Во рамките на посетата беа остварени средби со највисокото раководство на СОНК, како и посета на неколку градинки, основни и средни училишта во Скопје.

Главниот одбор на СВИЗ, практично е соодветен орган како што е Советот на СОНК, што всушност значи највисоки постојани органи на одлучување на нашите два синдикати. Овој факт укажува на значењето на посетата на Главниот одбор на СВИЗ, што практично е врв на повеќегодишното исклучително блиско пријателство помеѓу СВИЗ и СОНК, што е од особено значење и за двата синдикати.

Нашите пријатели од Словенија, не го криеја големото задоволство, што се реализира оваа посета и при тоа со најубави зборови го искажаа задоволството од срдечниот дочек од страна на претставниците од СОНК.

Посетата на неколкуте градинки, основни и средни училишта во Скопје, ја оценија како многу корисна, бидејќи имаа можност директно да разговараат со раководствата на овие синдикални организации, како и непосредно да се запознаат со условите во кои се сместени децата во градинките, како и учениците во

основните и средните училишта.

Оваа посета, силно ја потврди потребата од подигнување на соработката со синдикатите од другите држави и посебно со синдикатите од нашиот Регион, со кој СОНК има повеќегодишна блиска соработка.







# ПРИВРШУВА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕДУКАТИВНИТЕ СЕМИНАРИ НА СОНК

## СО СЕКОЈ НОВ ЕДУКАТИВЕН СЕМИНАР, СИЛНО СЕ ПОТВРДУВА ПОТРЕБАТА ЗА СИНДИКАЛНА ЕДУКАЦИЈА

При крајот на месец април, беа одржани едукативни семинари со регионалните одбори на СОНК од Чаир и Кисела Вода, а последниов викенд одржан е семинар со членовите на Регионалниот одбор на СОНК – Кичево.

Слично како и во претходните регионални одбори, семинарите се одржуваат според програма која се покажа за добро планирана, а тоа без исклучок го потврдија сите учесници на истите. Имено, во првиот дел од семинарите се предвидени излагања на претставниците од највисокото раководство на СОНК по три теми,

во кои се внесени прашања од повеќе области, а кои се од посебен интерес за Синдикатот.

Имено, првата тема која оди под наслов **,, Синдикатот – нужна потреба или наметната обврска за работниците”,**го опфаќа периодот од првите синдикални активности при крајот на XVIII век, со изнесување на нај важни настани од последните два века, со посебен осврт од активностите во Р. Македонија и посебно на нашиот Синдикат. Во склоп на оваа тема отворено се зборува и за позитивните страни, што значи и за успесите на СОНК, но се зборува и за слабостите на нашиот Синдикат, почнувајќи од синдикалните организации, па се до највисоките органи.

Втората тема која е со наслов **,, Правна регулатива на Синдикатот”,** ја опфаќа правната регулатива, а која се однесува на правата и обврските на синдикатите ( Устав, Закон за работни односи и други закони), колективното договарање и нивоата на истото, со посебен осврт на колективните договори,што нашиот синдикат ги има потпишано и особено за правата утврдени по колоективните договори, кои се многу значајни за нашето членство, бидејќи се значајно повисоки од правата утврдени со соодветните закони, а некои од овие права од колективните договори се единствени, не само во регионот, туку и во европски рамки. Во рамките на оваа тема опфатен е и Статутот на СОНК.

Третата тема со наслов **,, Стратешки цели на СОНК во наредниот пет годишен период”** е посветена на програмските определби на СОНК , утврдени на последниот VI-ти Конгрес, одржан при крајот на 2015 година; социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери, утврдени со ЗРО на сите нивоа, како и со посебен осврт на усвоените четири Резолуции, усвоени на конгресот на СОНК. Како дел од оваа тема станува збор и за состојбите во нашиот Синдикат, од аспект на синдикални организации, регионални одбори, па се до Советот на СОНК, како највисок орган на нашиот Синдикат.



Во вториот дел од семинарите, учесниците имаа(т) можност да дадат свои мислења и за излагањата по веќе спомenатите теми, да изнесат свои размислувања и за состојбите во синдикалните организации, од кои произлегуваат, како и за работата на регионалните одбори, во чиј состав делуваат. Според раководството на СОНК, од досега одржаните семинари во регионалните одбори, најчесто дискусиите се сведуваат на практично поставување на прашања за одредени реално постоечки проблеми, ама и по одредени проблеми кои реално не постојат, а задолжително се покренуваат како прашања од не информираност. Само како пример: неразбирливо е како може да биде дилема и да се постави прашањето – за кого важат колективните договори??? ; во дел од регионални одбори има и натаму претседатели на синдикални организации, кои излегуваат со тврдење дека, паричните казни од екстерното тестирање биле укинати само за минатата година; прашањето за решавање на проблемот за превоз на вработените во образованието и натаму се упатува до МОН, со барање до централното раководство на СОНК, истото да го разрешува…



Без секакви дилеми, едукативните семинари што се одржаа во регионалните одбори и кои се при самиот крај за да бидат одржани во сите 20 регионални одбори на СОНК, може со сигурност да се заклучи дека се од голема корист. Меѓутоа, целосен резултат од едукативните семинари, ќе има тогаш кога истите ќе се одржат и во секоја синдикална организација на СОНК, така како што е договорено со претседателите на синдикалните организации и претседателите на регионалните одбори на СОНК.

---

# ПРИВРШУВА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЕДУКАТИВНИТЕ СЕМИНАРИ НА СОНК

## СО СЕКОЈ НОВ ЕДУКАТИВЕН СЕМИНАР, СИЛНО СЕ ПОТВРДУВА ПОТРЕБАТА ЗА СИНДИКАЛНА

# ЕДУКАЦИЈА

При крајот на месец април, беа одржани едукативни семинари со регионалните одбори на СОНК од Чаир и Кисела Вода, а последниов викенд одржан е семинар со членовите на Регионалниот одбор на СОНК – Кичево.

Слично како и во претходните регионални одбори, семинарите се одржуваат според програма која се покажа за добро планирана, а тоа без исклучок го потврдија сите учесници на истите. Имено, во првиот дел од семинарите се предвидени излагања на претставниците од највисокото раководство на СОНК по три теми, во кои се внесени прашања од повеќе области, а кои се од посебен интерес за Синдикатот.

Имено, првата тема која оди под наслов **,, Синдикатот – нужна потреба или наметната обврска за работниците”,** го опфаќа периодот од првите синдикални активности при крајот на XVIII век, со изнесување на нај важни настани од последните два века, со посебен осврт од активностите во Р. Македонија и посебно на нашиот Синдикат. Во склоп на оваа тема отворено се зборува и за позитивните страни, што значи и за успесите на СОНК, но се зборува и за слабостите на нашиот Синдикат, почнувајќи од синдикалните организации, па се до највисоките органи.



Втората тема која е со наслов **,, Правна регулатива на Синдикатот",** ја опфаќа правната регулатива, а која се однесува на правата и обврските на синдикатите ( Устав, Закон за работни односи и други закони), колективното договарање и нивоата на истото, со посебен осврт на колективните договори,што нашиот синдикат ги има потпишано и особено за правата утврдени по колоективните договори, кои се многу значајни за нашето членство, бидејќи се значајно повисоки од правата утврдени со соодветните закони, а некои од овие права од колективните договори се единствени, не само во регионот, туку и во европски рамки. Во рамките на оваа тема опфатен е и Статутот на СОНК.

Третата тема со наслов **,, Стратешки цели на СОНК во наредниот пет годишен период"** е посветена на програмските определби на СОНК , утврдени на последниот VI-ти Конгрес, одржан при крајот на 2015 година; социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери, утврдени со ЗРО на сите нивоа, како и со посебен осврт на усвоените четири Резолуции, усвоени на конгресот на СОНК. Како дел од оваа тема станува збор и за состојбите во нашиот Синдикат, од аспект на синдикални организации, регионални одбори, па се до Советот на СОНК, како највисок орган на нашиот Синдикат.



Во вториот дел од семинарите, учесниците имаа(т) можност да дадат свои мислења и за излагањата по веќе споменатите теми, да изнесат свои размислувања и за состојбите во синдикалните организации, од кои произлегуваат, како и за работата на регионалните одбори, во чиј состав делуваат. Според раководството на СОНК, од досега одржаните семинари во регионалните одбори, најчесто дискусиите се сведуваат на практично поставување на прашања за одредени реално постоечки проблеми, ама и по одредени проблеми кои реално не постојат, а задолжително се покренуваат како прашања од не информираност. Само како пример: неразбирливо е како може да биде дилема и да се постави прашањето – за кого важат колективните договори??? ; во дел од регионални одбори има и натаму претседатели на синдикални организации, кои излегуваат со тврдење дека, паричните казни од екстерното тестирање биле укинати само за минатата година; прашањето за решавање на проблемот за превоз на вработените во образованието и натаму се упатува до МОН, со барање до централното раководство на СОНК, истото да го разрешува…

Без секакви дилеми, едукативните семинари што се одржаа во регионалните одбори и кои се при самиот крај за да бидат одржани во сите 20 регионални одбори на СОНК, може со сигурност да се заклучи дека се од голема корист. Меѓутоа, целосен резултат од едукативните семинари, ќе има тогаш кога истите ќе се одржат и во секоја синдикална организација на СОНК, така како што е договорено со претседателите на синдикалните организации и претседателите на регионалните одбори на СОНК.

# НАСЛОВ СО ПОВОД

## КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ ШТО ГИ ИМА ПОТПИШАНО СОНК, ВАЖАТ ИСКЧЛУЧИВО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Одржувањето на едукативните семинари со членовите на регионалните одбори на СОНК, во предходните два викенда беа со регионалните одбори на СОНК од Битола, Гази Баба, Струга и Охрид. И на овие четири регионални одбори, се повтори тоа што беше одлика и на предходните регионални одбори – без малку, целосно учество на членовите на регионалните одбори ( претседатели и евентуално секретари, како замена за претседатели кои оправдано биле спречени), недвосмислен интерес за излагањата по темите од страна на претставниците од највисокото раководство на СОНК и што е посебно значајно за сите досегашни региони – неподеленото мислење од потребата и корисста за ваквите едукативни семинари.

Досегашниот впечаток на раководството на СОНК е дека поголемиот дел од членовите на регионалните одбори, не се доволно упатени во содржината на документите на СОНК, а тука се мисли на Статутот на СОНК, Програмата на СОНК и посебно за поединечните колективни договори по дејности. Ваквиот заклучок, раководството  го изведува од фактот, што во вториот дел од семинарот, кој всушност е работно – разговорен, со очекувања за давање на предлози, мислења, иницијативи, одредени состојби за некои синдикални организации, кои се за одбележување и кои се позитивни, а зошто да се крие ги има и негативни, бројот на учесници во овој дел е под очекувањата на овие семинари.

Благо речено, неприфатливо е дека, еден голем дел на членови на регионални одбори ( ова важи за сите досега одржани регионални одбори ), со изненадување да го слушнат непобитниот

аргумент, дека потпишаните колективни договори на СОНК, кои се во важност и се применуваат – **ВАЖАТ ИСКЛУЧИВО САМО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК!** Нека ни биде простено на тежината на зборот што ќе го кажеме – **Б О Л И** оваа реалност, кога ќе слушнете прашање и одобрување од најголемиот дел од другите присутни – **Зошто да членуваме во СОНК, кога ги користат истите права и тие што не се членови на СОНК ???!!!**

СОНК е единствениот Синдикат, не само во нашата држава, туку и пошироко во Регионот, кој успеал со соодветниот социјален партнер, за секој од потпишаните колективни договори, да го вгради ова решение, кое има сила на Закон, а со правен јазик кажано, дури и повисоко од Закон, затоа што утврдува поголеми права, кои со Закон се утврдени.

Непознавањето на оваа толку важна одредба од нашите колективни договори, сигурно дека досега голем дел од нашите членови имаат изгубено права кои требало да ги користат, а исто така и на целиот наш Синдикат, му има нанесено огромна штета.

На крајот, ќе го споменеме и сеуште од поедини членови од регионални одбори, поставувањето на прашањето за плаќањето на надоместокот за превоз на наставниците и често пати со обвинувања до раководството на СОНК, дека не успеале да го одбранат ова право, што не постои со самиот системски премин на финансирање од нето во бруто плата. Тоа е решение на ниво на држава и станува збор за систем и никој не можел поинаку да бара издвојување, меѓутоа раководството на СОНК сите овие години од 2009, па се до денес, во договор со раководствата на општините и со посретство на Министерството за образование и наука, во најголемиот број на општини го имаат решено на различни начини, но во секој случај со обезбедување на бесплатен превоз на наставниците, а никако со добивање на паричен надоместок, бидејќи тоа би претставувало кривично дело.

И сосема на крај, општа оценка за досега одржаните едукативни семинари, во четиринаесет регионални одбори на СОНК е во секој

случај многу позитивна, а слабостите кои испливаа, а за некои од нив се обидовме да проговориме и во овој текст, раководството преку Советот на СОНК, ќе направи анализа и очекувано е да биде донесен документ, за надминување на овие состојби.







---

# НАСЛОВ СО ПОВОД

## КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ ШТО ГИ ИМА ПОТПИШАНО СОНК, ВАЖАТ ИСКЧЛУЧИВО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Одржувањето на едукативните семинари со членовите на регионалните одбори на СОНК, во предходните два викенда беа со регионалните одбори на СОНК од Битола, Гази Баба, Струга и Охрид. И на овие четири регионални одбори, се повтори тоа што беше одлика и на предходните регионални одбори – без малку, целосно учество на членовите на регионалните одбори ( претседатели и евентуално секретари, како замена за претседатели кои оправдано биле спречени), недвосмислен интерес за излагањата по темите од страна на претставниците од највисокото раководство на СОНК и што е посебно значајно за сите досегашни региони – неподеленото мислење од потребата и користа за ваквите едукативни семинари.

Досегашниот впечаток на раководството на СОНК е дека

поголемиот дел од членовите на регионалните одбори, не се доволно упатени во содржината на документите на СОНК, а тука се мисли на Статутот на СОНК, Програмата на СОНК и посебно за поединечните колективни договори по дејности. Ваквиот заклучок, раководството го изведува од фактот, што во вториот дел од семинарот, кој всушност е работно – разговорен, со очекувања за давање на предлози, мислења, иницијативи, одредени состојби за некои синдикални организации, кои се за одбележување и кои се позитивни, а зошто да се крие ги има и негативни, бројот на учесници во овој дел е под очекувањата на овие семинари.

Благо речено, неприфатливо е дека, еден голем дел на членови на регионални одбори ( ова важи за сите досега одржани регионални одбори ), со изненадување да го слушнат непобитниот аргумент, дека потпишаните колективни договори на СОНК, кои се во важност и се применуваат – **ВАЖАТ ИСКЛУЧИВО САМО ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК!** Нека ни биде простено на тежината на зборот што ќе го кажеме – **Б О Л И** оваа реалност, кога ќе слушнете прашање и одобрување од најголемиот дел од другите присутни – **Зошто да членуваме во СОНК, кога ги користат истите права и тие што не се членови на СОНК ???!!!**

СОНК е единствениот Синдикат, не само во нашата држава, туку и пошироко во Регионот, кој успеал со соодветниот социјален партнер, за секој од потпишаните колективни договори, да го вгради ова решение, кое има сила на Закон, а со правен јазик кажано, дури и повисоко од Закон, затоа што утврдува поголеми права, кои со Закон се утврдени.

Непознавањето на оваа толку важна одредба од нашите колективни договори, сигурно дека досега голем дел од нашите членови имаат изгубено права кои требало да ги користат, а исто така и на целиот наш Синдикат, му има нанесено огромна штета.

На крајот, ќе го спомeнеме и сеуште од поедини членови од регионални одбори, поставувањето на прашањето за плаќањето на надоместокот за превоз на наставниците и често пати со

обвинувања до раководството на СОНК, дека не успеале да го одбранат ова право, што не постои со самиот системски премин на финансирање од нето во бруто плата. Тоа е решение на ниво на држава и станува збор за систем и никој не можел поинаку да бара издвојување, меѓутоа раководството на СОНК сите овие години од 2009, па се до денес, во договор со раководствата на општините и со посретство на Министерството за образование и наука, во најголемиот број на општини го имаат решено на различни начини, но во секој случај со обезбедување на бесплатен превоз на наставниците, а никако со добивање на паричен надоместок, бидејќи тоа би претставувало кривично дело.

И сосема на крај, општа оценка за досега одржаните едукативни семинари, во четиринаесет регионални одбори на СОНК е во секој случај многу позитивна, а слабостите кои испливаа, а за некои од нив се обидовме да проговориме и во овој текст, раководството преку Советот на СОНК, ќе направи анализа и очекувано е да биде донесен документ, за надминување на овие состојби.







---

# ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОНК НА 31-03-2016 г

# МТСП НАПРАВИ ГРУБО КРШЕЊЕ НА ДЕЛ ОД ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ

## СОНК ОСТРО РЕАГИРА НА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ, ШТО ЗНАЧИ ГРУБО КРШЕЊЕ НА УСТАВОТ И ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ВО ДЕЛОТ НА СИНДИКАЛНО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија свикува Прес-Конференција во врска со непримена на Законот за работни односи, од страна на дел од надлежните од Министерството за труд и социјална политика за упис на нови синдикални организации и промена на податоци – претседатели на синдикални организации на СОНК, кој се води во регистарот на министерството надлежно за работите од областа на трудот.Ви се обраќаме, со цел да укажеме на неприфатливото однесување од страна на одговорни лица во ова Министерство, а во врска со вршење на упис на промена во раководствата во синдикални организации на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р.Македонија – СОНК.

Имено, во СОНК во текот на минатата година беа извршени редовни избори во раководствата на сите нивоа, што значи во 573 синдикални организации на територијата на целата држава, во 20 регионални одбори и на раководството на национално ниво.

Според законските одредби, за вршење на промени на раководствата на било кое ниво, синдикатот е должен да достави соодветна пропишана документација до МТСП и врз основа на истата, наведеното министерство како законска обврска треба(ше), по пропишана процедура, истата да ја достави до Централниот регистер на Р.Македонија, за да се изврши упис на промена на истите, во регистарот.

Во 38 синдикални организации на СОНК, за кои СОНК има доставено потребна документација и после повеќе од четири месеци, документацијата стои во МТСП, што значи не е завршена

промената во Централниот регистер и толкав број на синдикални организации на СОНК, во кои има од: детски градинки, основни училишта, средни училишта и установите од културата, практично е блокирана нивната активност. Потсетуваме дека со писмо бр. 08-11164/2 потпишано од министерот Фросина Ташевска-Ременски, беше побарано да се достават одлуки за сите 38 синдикални организации, а кои во досегашната пракса никогаш не биле побарани за ваква промена. Такви документи се бараат за регистрација на синдикати, а во нашиот случај станува збор за синдикални организации, а нивниот синдикат е СОНК и има извршена регистрација со потребни документи. Но, и покрај тоа што СОНК преку неговите синдикални организации ги достави бараните документи од неразбирливи причини и понатаму состојбата не е променета во врска со овој проблем.

До денешниот ден проблемот не е решен. Напротив, и по последната средба со претставници од МТСП ни беше кажано дека целокупната документација на СОНК е загубена.

Ваквото однесување на дел од одговорните во МТСП го оценуваме единствено како грубо кршење на темелните принципи на правото на синдикално организирање, загарантирано со Уставот и ЗРО и секако приземен начин на притисок врз најголемиот синдикат во Република Македонија.

Инаку, во последниве неколку месеци, според податоците од Централниот регистер без никакви проблеми се регистрирани десетина синдикални организации од други синдикати. Очигледно е дека МТСП има селективен пристап за синдикални организации кои можат да се процесуираат и регистрираат.

СОНК цени дека со ваквиот однос на ресорното министерство му се попречува синдикалното организирање и дејствување, што е казниво по Кривичниот законик, и доколку под итно не се надмине овој проблем ќе бидеме приморани да побараме одговорност кон оние кои го кршат Законот и ќе бараме соодветна отштета.

Доколку не се дојде до разрешување на овој проблем, најавуваме дека СОНК ќе преземе и други легални и легитимни средства, вклучително и писмено известување на Интернационалата за образование и Европската конфедерација за образование, во кои СОНК е редовен член повеќе од 15 години, како и МОТ која е надлежна организација за синдикалното организирање, и секако други надлежни органи во нашата земја.

И на крајот, но не како помалку важно, прашуваме уште колку месеци ќе поминат за да биде свикан Економско-социјалниот совет на национално ниво, чиј претседател по функција е министерот за труд и социјална политика???

П.С Загрижени сме дека ваквото однесување со ЕСС многу потсетува на времето пред 10 години!!!

---

# РЕАКЦИЈА НА СОНК ВО ВРСКА СО ДЕМАНТОТ НА МТСП

## ЗАКОНИТЕ НЕ СМЕЕ НИКОЈ ДА ГИ КРШИ, А СОНК СЕКОГАШ НАЈ ОСТРО ЌЕ СЕ СПРОТИВСТАВУВА НА ТАКВИТЕ ПОЈАВИ

### УШТЕ ЕДНАШ СЕ ДОКАЖА ДЕКА НЕВИСТИНАТА ИМА КРАТКИ НОЗЕ

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура – СОНК, во врска со Демантот доставен од страна на Министерството за труд и социјална политика, на 31.03.2016 година, а во врска со

изнесените информации од страна на раководството на СОНК, на прес конференцијата на истиот датум, ја доставува следната реакција:

- СОНК е изненаден од обидот на одредени одговорни лица од МТСП, со целосни невистини да се покрива евидентното кршење на одредби од Уставот и законите на Република Македонија, во случајов во делот на слободата на синдикално организирање и делување.
- Документацијата што СОНК ја поседува, како и безброј остварени директни или телефонски разговори со најодговорните во Кабинетот на Министерот за труд и социјална политика, многу јасно укажуваат и се необорлив доказ дека МТСП, како ресорно министерство најзадолжено за спроведување на законите од делот на работните односи направи невиден преседан, рамен на скандал, за кое сме сигурни нема да помине без да следи конкретна одговорност.
- Се што беше изнесено на прес конференцијата на СОНК е цврсто поткрепено со пишуван кореспоидентен материјал помеѓу СОНК и МТСП, со заведени и заверени документи од овластени лица на двата субјекти.
- И со денешниот ден, според званични информации од Централниот Регистер на РМ, последните неколку месеци до нив нема доставено ниту едно барање за промена на овластен претставник во синдикална организиација или формирање на нова синдикална организација на СОНК, од страна на МТСП.
- СОНК повеќе од деценија и половина непоколебливо опстојува на линијата на максимално коректен и конструктивен социјален партнер, согласно Уставот и законите на Република Македонија, и никогаш нема да го напуштиме тој докажан наш курс кој важи и денес. Притоа, сакаме да укажеме дека ништо нема да не поколеба во оваа единствено исправна политика на социјално партнерство и дијалог и дека сите обиди да бидеме ставани во било какви сфери на влијание, преку притисоци или други

начини познати за тие што се обидуваат надвор од законот да дојдат до незалужени позиции, СОНК енергично и без размислување гарантира дека таквите сили ќе бидат поразени.

---

# ОДРЖАНИ СЕ ЕДУКАТИВНИ СЕМИНАРИ ВО ПОЛОВИНА ОД РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК

## ПРОДОЛЖУВА ОГРОМНИОТ ИНТЕРЕС ЗА СЕМИНАРИТЕ

Едукативните семинари со претседателите на синдикалните организации на СОНК, кои отпочнаа со одржување во текот на изминатиот месец, продолжија да се одржуваат и овој месец .

Во изминатите викенди беа одржани едукативни семинари во регионалниот одбор на СОНК- Тетово и регионалниот одбор на СОНК – Гостивар. Во овие два регионални одбори на СОНК, процентот на присуство на едукативните семинари од страна на претседателите ( или секретарите) на синдикалните организации на СОНК , беше на високо ниво, што е голем показател за потребата за синдикална едукација на раководството во синдикалните организации.

Вредно е да се напомене дека мултиетничноста на нашиот Синдикат е изразена токму во овие два регионални одбори на СОНК, во кои членуваат со огромен процент, од вработените од сите дејности што синдикално ги обединува СОНК, од сите

националности од полошкиот и мавровскиот регион.



Во вториот дел од семинарите и во двата регионални одбори , на покана од претседателите на овие регионални одбори, присуствуваа раководителите на секторот образование од општина Тетово и општина Гостивар, што е доказ на коректионот социјален дијалог на ниво на локална самоуправа.



На 19 и 20-03- 2015 г . во регионалните одбори на СОНК Прилеп и Кавадарци се продолжи со одржување на едукативните семинари, на кои присуствуваа претседателите, или од нив овластени преставници од сите синдикални организации од споменатите регионални одбори на СОНК.



Не поделено е мислењето на сите учесници на семинарите дека, предвидените три теми пројавуваат голем интерес кај учесниците, но и предвидената активност за одржување на семинарите во синдикалните организации со членовите од истите, на кои што членството ќе добие информација за придобивките од членувањето во СОНК, правата и обврските на секој член, заштитата од работен однос, надминување на слабостите во Синдикатот, како и зачувување на единството на СОНК.

---

# ОДРЖАНИ СЕ ЕДУКАТИВНИ СЕМИНАРИ ВО ПОЛОВИНА ОД РЕГИОНАЛНИТЕ ОДБОРИ НА СОНК

## ПРОДОЛЖУВА ОГРОМНИОТ ИНТЕРЕС ЗА СЕМИНАРИТЕ

Едукативните семинари со претседателите на синдикалните организации на СОНК, кои отпочнаа со одржување во текот на изминатиот месец, продолжија да се одржуваат и овој месец .

Во изминатите викенди беа одржани едукативни семинари во регионалниот одбор на СОНК- Тетово и регионалниот одбор на СОНК – Гостивар. Во овие два регионални одбори на СОНК, процентот на присуство на едукативните семинари од страна на претседателите ( или секретарите) на синдикалните организации на СОНК , беше на високо ниво, што е голем показател за потребата за синдикална едукација на раководството во синдикалните организации.

Вредно е да се напомене дека мултиетничноста на нашиот Синдикат е изразена токму во овие два регионални одбори на

СОНК, во кои членуваат со огромен процент, од вработените од сите дејности што синдикално ги обединува СОНК, од сите националности од полошкиот и мавровскиот регион.



Во вториот дел од семинарите и во двата регионални одбори , на покана од претседателите на овие регионални одбори, присуствуваа раководителите на секторот образование од општина Тетово и општина Гостивар, што е доказ на коректионот социјален дијалог на ниво на локална самоуправа.



На 19 и 20-03- 2015 г . во регионалните одбори на СОНК Прилеп и Кавадарци се продолжи со одржување на едукативните семинари, на кои присуствуваа претседателите, или од нив овластени преставници од сите синдикални организации од споменатите регионални одбори на СОНК.



Не поделено е мислењето на сите учесници на семинарите дека, предвидените три теми пројавуваат голем интерес кај учесниците, но и предвидената активност за одржување на семинарите во синдикалните организации со членовите од истите, на кои што членството ќе добие информација за придобивките од членувањето во СОНК, правата и обврските на секој член, заштитата од работен однос, надминување на слабостите во Синдикатот, како и зачувување на единството на СОНК.

---

# Продолжува одржувањето на едукативните семинари во регионалните одбори на СОНК

## НЕПОДЕЛЕНО Е МИСЛЕЊЕТО ЗА ГОЛЕМАТА КОРИСТ ОД СЕМИНАРИТЕ

Во текот на изминатите два викенда, одржани се едукативни семинари во регионалните одбори на СОНК – Штип, Велес, Гевгелија и Струмица. Како и во првите два региони – Делчево и Кочани и во овие четири региони на нашиот Синдикат, едукативните семинари беа одржани , со заедничка оценка на учесниците- мошне успешно.

Имено, присуството на членовите на регионалните одбори, иако истите се одржуваат во денови на викенди, е сосема задоволително со мали исклучоци од оправдани причини.

Во досега одржаните регионални одбори, со неспорно внимание и интерес се следеа воведните излагања по трите теми од семинарот и според анонимните Анкетни прашалници, што ги пополнуваа учесниците, со само неколку поединечни исклучоци,

што се помалку од 1 до 2% од бројот на анкетирани, сите изразиле мислење дека семинарите биле многу корисни и исто така добар дел од информациите што ги добиле , ги оценуваат како работи за кои не биле информирани или делумно или погрешно информирани.

Исто така, како мошне успешни можат да се оценат и вториот дел од семинарите, кои се во вид на работилници, во кои членовите на регионалните одбори без ограничување на времето можеа да даваат свои мислења, предлози, сугестии, како и да поставуваат прашања по сите надлежности од активноста на Синдикатот.

На крајот ќе ги одбележиме и остварените работни средби со градоначалниците од општините, на чие подрачје беа одржувани едукативните семинари и тоа по основ на улога на домаќини на чие подрачје беа одржани семинарите. Овие работно-протоколарно работни средби само ја потврдија потребата од директни контакти помеѓу раководството на СОНК, како на централно, така и на локално ниво, со најодговорните од единиците на локална самоуправа. Потсетуваме дека, веднаш по завршување на едукативните семинари, СОНК ќе продолжи со одржување на седници по регионални одбори, на кои ќе бидат поканети да присуствуваат градоначалниците што ги опфаќа конкретниот регионален одбор на СОНК.






СОНК Е ПОТРЕБА,
А НЕ ОБВРСКА